# ОПШТИНА
# МАВРОВО И РОСТУШЕ

# 2016
# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК Бр.3

**Петок 01 април 2016 Ростуше**

**Бр.3** **Год.XXI**

**32.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за потрошени парични средства како реализација на годишната Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локлани патишта и улици и Програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2015 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на Годишниот Извештај за потрошени парични средства како реализација на годишната Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локлани патишта и улици и Програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2015 година, број 08-118/3 што Советот на Општина Маврово и Ростуше го донесе на 39-тата седница, одржана на ден 30.03.2016 година.

Број 09-122/1 Општина Маврово и Ростуше
01.04.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа /''Службен Весник на Р.М " број 05/2002/, а во согласност со член 15 став 1, точка 8 и член 25 став 1 точка 19 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година, Советот на Општината на седницата одржана на ден 30.03.2016 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на општина Маврово и Ростуша го усвои годишниот извештај за потрошени парични средства како реализација на годишната Програма на Општина Маврово и Ростуша за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици и програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2015 година.

II. Примерок од овие Заклучоци да се достави до градоначалникот, Агенција за државни патишта и архивата на Општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша''.

Број 08-118/3 Совет на Општина Маврово
30.03.2016 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2015

Согласно усвоената програма од Советот на Општина Мавово Ростуше за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локалните патишта и улици за **2015 година**,средствата во износ од **3.542.424,00** денари се потрошени во износ и намена како што следува:

1.Изградба и реконстр.на улици и патишта............................................ **7.110.134**

-Дон Хаус – бекатон за улици по села................................................ 501.671
-Радика Туп-зид с.Присојница и Јанче.................................................. 100.829
-ДекомДооел-пат с.Маврово......................................... 354.854
–Деком Доо-локален пат м.в.Велојца...................................... 106.200
- Еуроедил-асфал.на пат с.Скудриње................................ 5.935.580
–Тасим Исмаили-по Договор-зид.Видуше ......................................................... 61.000
-Рамазан Јакупи-по Договор-зид с.Жировница. ..................................................................50.000

2.Зимско и летно одржување лок.патишта.......................................... **4.095.991**

-Пелагонија АД Гостивар................ 2.058,000
-Балкан Тоурс................................. 1.919.991
-Деком-Ростуше............................. 118.000

Вкупно потрошени средства за погоре наведените намени..................**11.206.125 денари**

Од пристигнатите средства од Агенцијата на Државни патишта на Република Македонија за 2015 година на Општина Маврово Ростуша, се потрошени повеќе средства во изнод од **7.663.701 денари**

Број 08-118/3 Совет на Општина Маврово
30.03.2016 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**33.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на на Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2016 година како и Програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2016/2017 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на на Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2016 година како и Програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2016/2017 година, број 08-118/4 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ги донесе на 39-тата седница, одржана на ден 30.03.2016 година.

Број 09-122/2 Општина Маврово и Ростуше
01.04.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р.

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа /''Службен Весник на Р.М " број 05/2002/, а во согласност со член 15 став 1, точка 8, и член 25, став 1, точка 19 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /пречистен текст Сл.Гласник бр.03/2015 година.

Разгледувајќи ја годишната Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2016 година како и годишната Програма за зимското одржување за 2016/17 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 30.03.2016 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуше ја усвои годишната Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2016 година како и годишната Програма за зимско одржување на локалните патишта за 2016/17 година.
II. Примерок од овие Заклучоци да се достави до Градоначалникот, јавното претпријатие за државни патишта и архивата на Општината.
III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Број 08-118/4 Совет на Општина Маврово
30.03.2016 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**34.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година, број 08-118/5 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 39-тата седница, одржана на ден 30.03.2016 година.

Број 09-122/3 Општина Маврово и Ростуше
01.04.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 5 и член 25 став 1, точка 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше / Сл.Гласник бр.03/2015, пречистен текст/.
Советот на Општината на седницата одржана на ден 30.03.2016 година разгледувајќи ја Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуше ја усвои програмата за

поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година.

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, министерство за транспорт и врски и архивата на општината.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Број 08-118/5 Совет на Општина Маврово
30.03.2016 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л,
Нeџат Исмаили, с.р.

**35.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на поднесената иницијатива на Зејнула Елези од с.Скудриње за измена на ЛУПД за населено место КО с.Скудриње м.в. Долни Голган

СЕ ПРОГЛАСУВА, Заклучокот за усвојување на поднесената иницијатива на Зејнула Елези од с.Скудриње за измена на ЛУПД за населено место КО с.Скудриње м.в. Долни Голган, број 08-118/6 што Советот на Општина Маврово и Ростуше го донесе на 39-тата седница, одржана на ден 30.03.2016 година.

Број 09-122/4 Општина Маврово и Ростуше
01.04.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 5 и член 25 став 1, точка 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше / Сл.Гласник бр.03/2015, пречистен текст/.
Советот на Општината на седницата одржана на ден 30.03.2016 година разгледувајќи ја иницијативата за измена на ЛУПД за с.Скудриње на барање на Зејнула Елези од с.Скудриње, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

I. Советот на Општина Маврово и Ростуше ја усвои поднесената иницијатива на Зејнула Елези од с.Скудриње за измена на ЛУПД за населеното место КО с.Скудриње место викано Долни Голган

II. Примерок од овој Заклучок да се достави до градоначалникот, одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина и подносителот на барањето.

III. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото објавување во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Број 08-118/6 Совет на Општина Маврово
30.03.2016 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л,
Нeџат Исмаили, с.р.

**36.**
Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002/, а во согласност со член 34 став 1 точка 3 и член 103 од Статутот на Општина Маврово и Ростуше /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше'' број 03/2015 (пречистен текст)/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше го донесе следниот

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска подршка за организација на 53-тиот ,,Мавровски меморијал,, 2016 година

СЕ ПРОГЛАСУВА, Одлуката за одобрување на финансиска подршка за организација на 53-тиот ,,Мавровски меморијал,, 2016 година, број 08-118/7 што Советот на Општина Маврово и Ростуше ја донесе на 39-тата седница, одржана на ден 30.03.2016 година.

Број 09-122/5 Општина Маврово и Ростуше
01.04.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

Врз основа на член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа / Сл.Весник на РМ број 05/2002/, а во согласност со член 15, став 1, точка 6 и член 25, став 1, точка 42 од Статутот на

Општина Маврово и Ростуша /пречистен текст Сл.Гласник бр.06/2008 година,

Советот на Општината на седницата одржана на ден 30.03.2016 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
За одобрување на финансиска поддршка за организација на 53-риот
„Мавровски меморијал“ 2016 година

Член 1

Се одобрува еднократна парична помош во износ од 60.000,оо денари за реализирање на програмата за одржување на 53-тиот „Мавровски меморијал“ за 2016 година.

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од буџетот на општината за 2016 година, како спонзорство на општината.

Член 2

Паричната помош се доделува врз основа на поднесено барање од страна на организаторот на меморијалот.

Средствата ќе бидат уплатени на жиро - сметка 300000003332859 Комерцијална Банка-Скопје.

Член 3

Оваа одлука ќе биде објавена во ‘’Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша’’ а ќе влезе во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување.

Број 08-118/7 Совет на Општина Маврово
30.03.2016 год. и Ростуше
Р о с т у ш е П р е т с е д а т е л,
Неџат Исмаили, с.р.

**37.**

Врз основа на член 75, став 1 и 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша” број 3/2015 – пречистен текст/, а во согласност со член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ” број 05/2002/ и член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година број 08-398/6 од 23.12.2015 година /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше, број 12/2015/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 09.03.2016 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
За доделување на финансиска помош

1. Се доделува финансиска помош во износ од 8.000,оо денари за покривање на трошоци за социјално загрозено семејство на лицето Зунуни Кабир од с.Присојница.

2. Финансиските средства за оваа намена да се исплатат од Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година, на сметка 370000020305814 – Еуростандар Банка - Скопје.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

О б р а з л о ж е н и е

Со писмен допис, до Општината се обрати лицето Зунуни Кабир од с.Присојница, а за доделување еднократна финансиска помош за покривање на трошоци на неговото загрозено семејство, во кое живее во тешка материјална состојба. Исто така наведува дека парите му се потребни за школување на неговите три малолетни деца, а во барањето наведува дека и не е примател на социјална парична помош. Писменото барање е разгледано на 7-мата седницата на Општинскиот Младински совет, одржана на ден 02.03.2016 година и е даден предлог до Градоначалникот за одобрување еднократкна финансиска помош во износ од 8.000,оо денари на лицето Зунуни Кабир од с.Присојница.На основа горе изнесеното, Градоначалникот го прифати барањето и во границите на можностите на Буџетот на општината се произнесе како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да вложи жалба во рок од 15 дена од приемот на ова Решение до надлежното Министерство за локална самоуправа.

Решениeто е доставено до:
- Подносителот на барањето
- Архивата на општината
- Одделение за финансиски прашања

Број 09-91/2 Општина Маврово и Ростуше
09.03.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

**38.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.Македонија, бр.05/2002), а во врска со член 23, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.Македонија, бр.199/2014, 44/2015, 193/2015 и 31/2016), Градоначалникот на Општина Маврово

и Ростуше на ден 09.03.2016 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се формира Комисија за урбанизам на општина со седиште во село составена од три члена од кои двајца се носители на овластување за изработка на урбанистички планови.

Комисијата ја сочинуваат следните членови и тоа:

1. Претседател - Ќирко Џукоски – дипломиран инженер архитект, вработен во Општина Маврово и Ростуше, како Раководител на одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој
2. Член - Абдија Салиу – дипломиран градежен инженер, вработен во Општина Маврово и Ростуше на работно место Советник за издавање изводи од урбанистички планови и одобренија за градење и
3. Надворешен член - Вера Попоска, дипломиран инженер архитект, од Гостивар, со овластување за изработка на урбанистичка докуемнтација,
4. Заменик надворешен член – Мила Искреновиќ, дипломиран инженер архитект, од Скопје, со овластување за изработка на урбанистичка докуемнтација.

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше“.

**Образложение**

Со ова Решение Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше, согласно член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Р.Македонија, 199/2014, 44/2015, 193/2015 и 31/2016) – во понатамошниот текст законот, за потребите на единицата на локална самоуправа Маврово и Ростуше ја формира Комисијата за урбанизам во горенаведениот состав.

Комисијата за урбанизам на општините со седиште во село е составена од три члена и еден замник член, од кои двајца се носители на овластување за изработка на урбанистички планови а еден е стручно лице од областа на урбанистичкото планирање, при што најмалку еден член треба да не е лице вработено во општинската администрација. Комисиите за урбанизам постапуваат по поднесените иницијативи согласно член 20 на законот, ја изработуваат планската програма за урбанистичките планови од член 7 став (1) точка 2 на законот, регулациски план на генерален урбанистички план и локална урбанистичка планска документација за потребите на општината, доставуваат предлог за одобрување или неприфаќање на планската програма за локална урбанистичка планска документација за потребите на правни и физички лица, даваат стручно мислење за нацртот на генерален урбанистички план односно на предлогот на урбанистичките планови од член 7 став (1) точка 2 алинеи 2, 3 и 4 на законот, даваат стручно мислење за предлогот на регулациски план на генерален урбанистички план, спроведуваат јавна презентација и јавна анкета при одобрување на локална урбанистичко-планска документација, доставуваат предлог до градоначалникот на општината за одобрување на локална урбанистичко-планска документација и даваат мислење за техничка исправка на урбанистички план.

Комисијата ќе врши и други работи кои се од нејзина надлежност, не се наведени во оваа Решение, а се сретнуваат во Законот за просторно и урбанистички планирање.

Во комисијата се именува и заменик надворешен член, со цел истата да може да функционира и во случај кога надворешниот член е спречен да учествува во работата, а пред се од причини на појава на судир на интереси, бидејќи надворешниот член е вработен во правно лице изработувач на урбанистичка документација, така да во случај кога правното лице во кое е вработен надворешниот член на комисијата се појави како изработувач на документацијата, тој член ќе биде исклучен од неговата работа и не негово место ќе биде ангажиран заменик членот.

Со влегувањето во сила на ова Решение престанува да важи Решението со кое е формирана претходната комисија, заведено кај органот под бр.08-663/1 од 18.12.2009 година.

Решено во с.Ростуше на ден 09.03.2016 година.

с.Ростуше,
09.03.2016 год.

**Доставено до:**

- архива на општината
- членовите на комисијата

Број 09-92/1 Општина Маврово и Ростуше
09.03.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

**39.**
Врз основа на член 132 став 3 од Законот за основно образование /.,,Сл.Весник на РМ'' број 103/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 15/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14 и 10/15), а во согласност со член 50, став 1, алинеја 16 од Законот за локална самоуправа / ,,Сл.Весник на РМ'' број 05/2002, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша на ден 09.03.2016 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За објавување на јавен оглас за избор на директор на Средно општинско училиште ,,Маврово-Ростуше,, с.Ростуше

Член 1
Со оваа Одлука се наложува на Училишниот одбор на Средното Општинско Училиште ,,Маврово-Ростуше'' с.Ростуше да објави јавен оглас за избор на директор, а пред истекот на три месеци на досегашното Решението за избор на директор број 08-219/2 од 01.06.2012 година.

Член 2
Во објавениот јавен оглас во јавните гласила Училишниот одбор на О.У. ,, Маврово-Ростуше'' с.Ростуше да ги утврди условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

Член 3
По спроведување на постапката согласно член 132 став 12 од Законот за основно образование, Училишниот одбор во рок од седум дена од денот на извршениот разговор со кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор, на Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша му предлага еден кандидат за избор на директор.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше''.

Број 09-93/2 Општина Маврово и Ростуше
09.03.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р.

**40.**
Врз основа на член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ"број 05/2002/, а во согласност со член 90, став 3 од Законот за градење /,,Сл.Весник на РМ'' број 130/2009; 124/2010 и 18/2011), Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуша на ден 14.03.2016 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
За именување на Надзорен инжинер за реализација на Договор за вршење на услуги за чистење на коритото на река Радика во Општина Маврово и Ростуше

1. За НАДЗОРЕН ИНЖИНЕР за реализација на Договор за вршење на услуги за чистење на коритото на река Радика во Општина Маврово и Ростуше, склучен меѓу Општина Маврово и Ростуше заведен со наш архивски број 03-242/4 од 22.09.2014 година и Теријас Корпорејшен – ДОО Скопје, се одредува лицето САДРЕДИН ЕЛЕЗОСКИ, градежен инжињер, вработен во Одделението за инспекциски надзор во Општина Маврово и Ростуше, со сите права, овластувања и одговорности согласно законските прописи.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше'.

Број 09-99/1 Општина Маврово и Ростуше
14.03.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

**41.**
Врз основа на член 75, став 1 и 3 од Статутот на Општина Маврово и Ростуша /,,Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуша" број 3/2015 – пречистен текст/, а во согласност со член 63 од Законот за локална самоуправа /,,Сл.Весник на РМ" број 05/2002/ и член 21 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година број 08-398/6 од 23.12.2015 година /,,Сл.Гласник на Општина Маврово и Ростуше, број 12/2015/, Градоначалникот на Општина Маврово и Ростуше на ден 31.03.2016 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
За доделување на финансиска помош

1. Се доделува еднократна финансиска помош во износ од 9.000,оо денари за покривање на трошоци за социјално загрозено семејство на лицето Сание Садулаи од с.Врбјане.

2. Финансиските средства за оваа намена да се исплатат од Буџетот на Општина

Маврово и Ростуше за 2016 година, на сметка 290500011120688 – ТТК банка.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавено во Службен Гласник на Општина Маврово и Ростуше.

О б р а з л о ж е н и е

Со писмен допис, до Општината се обрати лицето Саније Садулаи од с.Врбјане, а за доделување еднократна финансиска помош за покривање на трошоци за нејзино лекување. Исто така наведува дека поради немање на финансиски средства, а од друга страна поради лошата задраствена состојба е изложена на големи финансиски трошоци за нејзино лекување, а како прилог на барањето поднесува и доказ од медицинска документација. На основа горе изнесеното, Градоначалникот го прифати барањето и во границите на можностите на Буџетот на општината се произнесе како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да вложи жалба во рок од 15 дена од приемот на ова Решение до надлежното Министерство за локална самоуправа.

Решението е доставено до:

- Подносителот на барањето
- Архивата на општината
- Одделение за финансиски прашања

Број 09-121/2 Општина Маврово и Ростуше
31.03.2016 год. ГРАДОНАЧАЛНИК
Ростуше Мукрем Мехмеди, с.р

ИЗДАВА И УРЕДУВА
СЛУЖБА НА ОПШТИНА
МАВРОВО И РОСТУШЕ

=========================================

## С О Д Р Ж И Н А

32. Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за потрошени парични средства како реализација на годишната Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локлани патишта и улици и Програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2015 година.............................................42

33.Заклучок за усвојување на Годишниот Извештај за потрошени парични средства како реализација на годишната Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици и Програмата за зимско одржување на локалните патишта за 2015 година................43

34. Заклучок за усвојување на на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година...............................................44

35. Заклучок за усвојување на поднесената иницијатива на Зејнула Елези од с.Скудриње за измена на ЛУПД за населено место КО с.Скудриње м.в. Долни Голган....................44

36. Одлука за одобрување на финансиска подршка за организација на 53-тиот ,,Мавровски мемориjал,, 2016 година...........45

37. Решение за доделување на финансиска помош (Зунуни Кабир од с.Присојница).......45

38. Решение за формирање на Комисија за урбанизам на општина со седиште во село..........................................................46

39. Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор на Средно општинско училиште ,,Маврово-Ростуше,, с.Ростуше...47

40. Решение за именување на Надзорен инжинер за реализација на Договор за вршење на услуги за чистење на коритото на река Радика во Општина Маврово и Ростуше......47

41. Решение за доделување на финансиска помош (Саније Садулаи од с.Врбјане)........47

**Додаток:**

- Програма на Општина Маврово и Ростуше за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици за 2016 година............................................49-50

- Програма за зимско одржување на локалните патишта за 2016/2017 година...................................51-58

- Програма за поставување на урбана Опрема на подрачјето на Општина Маврово и Ростуше за 2016 година ........59-76

=====================================

ИЗДАВА И УРЕДУВА
СЛУЖБА НА ОПШТИНА
МАВРОВО И РОСТУШЕ